Врз основа на член 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ„ бр.58/00,44/2002,82/08,167/10, и 51/11) ) и член 21 од Законот за работни односи (" Сл.весник на Р.М "бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12 , 13/13 и 25/13, Пречистен текст бр.167/15, 27/16, 120/18) а во врска со објавениот Јавен оглас во дневните огласи „Слободен печат„ и „ Коха„ Директорот на Дирекција за заштита и спасување, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по основ на вработување на определено време

Стефанка Ристовска, врз основа на огласот објавен на ден 30.01.2023 година во дневните весници „Слободен печат„ и „Коха, се вработува во Дирекција за заштита и спасување на работно место Воздухопловно – технички инженер - ИРЕ или АМС, Одделение за специјализирани услуги со воздухоплови, Сектор за оператива и логистика - 1 извршител.

По потпишување на Одлуката за извршен избор директорот на Дирекција за заштита и спасување ќе потпише Договор за вработување на определено време на именуваното лице во Дирекција за заштита и спасување.

*Образложение*

По добивањето на согласноста од Министерството за финансии за вработување на 1 извршител на определено време, Дирекција за заштита и спасување на ден 30.01.2023 година објави оглас за вработување на 1 извршител на определено време (31.12.2023 година). По разгледување на апликациите на пријавените кандидати за објавените работни места по огласот за спроведување постапка за засновање на работен однос на определено време, Комисијата за селекција направи увид и проверка на документацијата на кандитатите согласно општите услови предвидени во Законот за работни односи и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работни места на Дирекција за заштита и спасување и констатира Записник бр. 04-260/4 од 03.02.2023 година. Комисијата за спроведување на постапката за вработување на определено време и селекција направи интервју на ден 03.02.2023 година со кандидатите кои ги исполнуваа предвидените услови.

Врз основа на доставениот Записник и направеното интервју од страна на Комисијата за спроведување на постапката и селекција на кандидати, Директорот на Дирекција за заштита и спасување го избра кандидатот Стефанка Ристовска на работно место Воздухопловно – технички инженер - ИРЕ или АМС, Одделение за специјализирани услуги со воздухоплови, Сектор за оператива и логистика - 1 извршител.

Д И Р Е К Т О Р
Bekim Maksuti

Доставено до:

- Имуваниот
- Персонално досие
- Архива